**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПСИХОЛОГИЈА И КУЛТУРА ВО СООБРАЌАЈОТ

## IV ГОДИНА

## СООБРАЌАЈНА СТРУКА

***Техничар за патен сообраќај, техничар за железнички сообраќај***

**Скопје, 2008 година**

## 1.ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПСИХОЛОГИЈА И КУЛТУРА ВО СООБРАЌАЈОТ

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за патен сообраќај, техничар за железнички сообраќај
1.2.2. Струка: сообраќајна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет:** четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6.Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***психологија и култура во сообраќајот*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ги разликува психичките феномени (процеси, состојби и особини на личноста);
- да ја сфаќа улогата на психичките појави во однесувањето на човекот во сообраќајни ситуации;
- да ги препознава сопствените и туѓите емоции и истите да ги почитува и контролира поради безбедност во сообраќајот;
- да реагира конструктивно во ситуации на фрустрации и конфликти во сообраќајот;
- да го сфаќа влијанието на ергономските карактеристики врз безбедноста и професионалната ефикасност;
- да ги идентификува физичките, физиолошките и психолошките причини за сообраќајни незгоди;
- да ги надминува стресот и непријатните емоционални доживувања;
- да ја сфаќа важноста на сообраќајната култура за безбедноста во сообраќајот;
- да го познава кодексот на однесување на возачот и сообраќајниот бонтон;
- за комуницирање во сообраќајни ситуации;
- да практикува хумано и морално однесување во сообраќајот.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕДХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставата по наставниот предмет ***психологија и култура во сообраќајот***, односно постигнување на поставените цели, потребни се предзнаења од наставните предмети карактеристични за образовниот профил.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структуирање на содржините за учење**

| **Тематска целина** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематската целина и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ПСИХОЛОГИЈАТА** | **8** | Ученикот:<br>-да ја дефинира психологијата како научна дисциплина;<br>-да ги идентификува специфичностите на посебните психолошки гранки;<br>- да објаснува што проучува сообраќајната психологија;<br>-да применува истражувачки техники што се користат во сообраќајната психологија (експеримент, прашалник, анкета, интервју);<br>- да разликува објективно од субјективно интерпретирање на податоците. | -Запознавање со предметот на психологијата и со посебните психолошки гранки;<br>-насочување дискусија за примена на психологијата во сообраќајот;<br>- презентирање на психолошките методи и техники што се применливи во сообраќајната психологија;<br>-задавање задачи за дизајнирање експеримент или изготвување интервју, анкета и прашалник за прибирање податоци во сообраќајни ситуации. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ЧОВЕКОТ КАКО ФАКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ** | **16** | -Да ги разликува основните психички процеси, особини и состојби;<br>- да ги применува знаењата за психичките процеси, особини и состојби во сообраќајни ситуации;<br>-да ја разбира улогата на мислењето и на брзото и рационално донесување одлуки во сообраќајни ситуации;<br>-да применува стратегии за конструктивно и креативно решавање проблеми;<br>-да ги дефинира учењето и помнењето;<br>-да разликува видови на учење;<br>- да применува методи на ефикасно учење и помнење;<br>-да препознава посебни видови емоции;<br>-да ја разбира улогата и важноста на емоциите, нивното влијание во сообраќајот и начините на нивното контролирање;<br>- да ја дефинира мотивацијата и да разликува видови мотиви;<br>- да ја сфаќа улогата на наградувањето и казнувањето во сообраќајното однесување;<br>-да препознава состојби на фрустрации и причини што ги предизвикуваат;<br>-да ги препознава различните видови одбранбени механизми; | -Дефинирање на поимите психички процеси, состојби и особини;<br>- објаснување за приемот и обработката на информациите од страна на учесниците во сообраќајот;<br>-насочување на дискусија за конкретни искуства во сообраќајот во врска со перцепции, внимание, мислење, интелигенција;<br>- спроведување вежби за донесување одлуки во различни сообраќајни ситуации;<br>- објаснување на значењето на стекнувањето знаења и развивањето вештини како фактори за безбедност во сообраќајот;<br>-применување вежби за користење различни методи на учењеи техники на помнење;<br>- насочување на дискусии и вежби за контрола на емоциите;<br>- објаснување на видовите мотиви и приоритетот во нивното задоволување;<br>-поттикнување дискусија за | - Безбедност и регулирање во патниот сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да реагира конструктивно во ситуации на фрустрации. | улогата на наградата и казната во сообраќајното однесување;<br>- објаснување на различните начини на реагирање на фрустрации;<br>- вежби за препознавање на одбранбените механизми. | |
| **3.СОЦИО-КУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА ОДНЕСУВАЊЕТО ВО СООБРАЌАЈОТ** | **18** | -Да ја опишува структурата на личноста;<br>-да го разбира влијанието на карактерот, темпераментот и ставовите во безбедноста во сообраќајот;<br>-да ги препознава карактеристиките на стабилна и зрела личност;<br>- да препознава девијантно и агресивно однесување во сообраќајни ситуации;<br>-да развива сообраќајна култура како услов за безбедност во сообраќајот;<br>- да применува хумано и морално сообраќајно однесување;<br>- да ги наведува карактеристиките на морален возач;<br>- да ги познава правилата на однесување на добар возач;<br>-да ја разбира улогата на совесното и одговорното однесување во сообраќајот. | -објаснување на особините на личноста;<br>-насочување дискусија за факторите што влијаат врз формирањето и развојот на личноста;<br>-организирање работилници со играње улоги за влијанието на особините на личноста врз однесувањето во сообраќајни ситуации;<br>-објаснување на правилата на културно однесување во сообраќајот;<br>-организирање на снимање на сообраќајното однесување на терен;<br>- објаснување на хуманото и моралното однесување во сообраќајот;<br>-дискутирање за ликот на возачот; | -Граѓанско образование<br><br>- Безбедност и регулирање во патниот сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -презентирање кодекс на однесување на добар возач;<br>-насочување дискусија за последиците од неморалното и несовесното однесување на возачот;<br>-спроведување вежби за креирање доверба и за почитување во сообраќајни ситуации. | |
| **4. ПСИХОЛОГИЈА НА КОМУНИКАЦИЈА-ТА ВО СООБРАЌАЈОТ** | **8** | - Да ја сфаќа важноста на забележувањето на реакциите на учесниците во сообраќајот;<br>- да воспоставува контакт со возачите, патниците и елементите на вертикална и хоризонтална сигнализација во сообраќајната инфраструктура;<br>-да ги идентификува факторите за успешна комуникација;<br>- да разликува различни видови вербална и невербална комуникација во сообраќајни ситуации;<br>- да развива вештини за успешно комуницирање;<br>-да ги идентификува видовите конфликти и начините за нивно разрешување (реалистични и нереалистични);<br>- да ги препознава и решава | -Објаснување на процесот на комуницирање;<br>-опишување на факторите за успешно комуницирање;<br>-дискутирање за вербалното и невербалното комуницирање во сообраќајни ситуации;<br>-спроведување вежби за начините на комуницирање во сообраќајни ситуации;<br>- опишување и илустрирање на видовите конфликти со примери од секојдневниот живот;<br>- организирање работилници со симулирање конфликтни ситуации помеѓу учесници во сообраќајот заради вежбање нивно правилно разрешување; | - Бизнис |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | конфликтните ситуации и да ги разрешува во сообраќајни ситуации;<br>- да ги опишува основните облици на водство, тимска работа и стилови на работење;<br>- да покажува вештини за преговарање. | -организирање работилници за службено преговарање. | |
| **5. ИНЖЕНЕРСКА ПСИХОЛОГИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ** | **8** | - Да опишува што проучува инженерската психологија;<br>- да ја разбира улогата на работната средина врз сигурното управување со превозното средство;<br>- да разликува реакционо време, психичка секунда и сопирен пат;<br>- да ја сфаќа важноста од почитувањето на правилата за користење на сигналните, контролните и командните уреди во превозното средство;<br>- да реагира навремено и точно на уредите кои симулираат превозни средства или контролни уреди. | -Објаснување и илустрирање преку примери на предметот на ергономијата или инженерската психологија;<br>-опишување на работна средина и сигурно управување со возило;<br>-прикажување на видео-материјали, филмови и цртежи за прилагоденоста на уредите кон психофизичките способности на возачот;<br>- организирање вежби за брзо и точно реагирање на контролни и командни уреди;<br>-организирање дискусија за важноста на прилагоденоста на машините кон перформансите на работниците. | |
| **6. НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ** | **8** | -Да ги набројува последиците во сообраќајот предизвикани од бука, магла, непрегледност, екстремни температури итн.;<br>-да ја разбира важноста на | -Објаснување на важноста на надворешните услови како фактор за безбедност во сообраќајот;<br>-објаснување што претставува | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | психофизичкото здравје за управување со превозно средство;<br>- да ги наведува физиолошките причини за нарушување на безбедноста во сообраќајот (замор, алкохол, дрога, цигари, лекови);<br>-да применува техники за психичка и физичка релаксација;<br>-да ги идентификува посебните состојби на свеста: сон, хипноза и медитација;<br>- да ги опишува психичките причини за нарушување на безбедноста во сообраќајот (илузии, халуцинации, стрес, неврози, психози);<br>- да анализира причини и последици за различни видови сообраќајни незгоди во патен и железнички сообраќај;<br>- да ги објаснува психичките фактори кои влијаат врз сведочењето на очевидецот на сообраќајна незгода;<br>-да покажува алтруизам и емпатија кон жртвите во сообраќајот. | психофизичкото здравје;<br>-развивање дискусија за манифестирањето на заморот и начините за негово надминување;<br>-прикажување статистички податоци за сообраќајни несреќи како последица на користење алкохол, дрога, лекови, цигари;<br>- анализирање на историја на случај за возење под дејство на нарушена психичка способност на организмот;<br>-демонстрирање техники за справување со стрес и непријатни емоционални доживувања;<br>-спроведување вежби за психичките фактори кои влијаат врз валидноста на исказите на сведоците на сообраќајни незгоди во судски постапки.;<br>-објаснување на важноста на просоцијалното однесување кон жртвите во сообраќајот. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Според зацртаните цели на наставната програма по ***психологија и култура во сообраќајот*** ќе се применуваат наставни методи на директно поучување и поучување со откривање и дискусија. Во зависност од специфичните наставни содржини ќе се користат различни форми на работа: фронтална, индивидуална и групна работа.
Активностите на ученикот ќе се манифестираат преку набљудување, активно слушање, бележење, давање примери, работа со текст, решавање проблеми, дискутирање, дебатирање, учење преку откривање, играње улоги, усно презентирање, кооперативно учење.
Активноста на наставникот ќе се одвива преку техники на предавање, објаснување, демонстрирање, моделирање, насочување дискусии, давање инструкции, поставување прашања. Преку прашањата и задачите наставникот треба првенствено да бара мислења, продуцирање идеи, анализа на содржините и аргументација на ставовите.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***психологија и култура во сообраќајот*** се реализира во училница и на терен. Наставниот предмет е застапен со два часа неделно, во две полугодија во четврта година. Повремено воспитно-образовната работа по овој предмет се организира и во блок-часови.

**4.4. Наставни средства и помагала**

Со цел ефикасно да се постигнат зацртаните цели на наставната програма по ***психологија и култура во сообраќајот*** потребно е да се користат: графоскоп, фолии, слики, филмови, ЛЦД проектор, ДВД, наставни ливчиња, тестови. Потребна литература како за наставниците така и за учениците е учебник по наставниот предмет и Интернет.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано и плански во текот на учебната година. Се остварува преку следење на активноста на ученикот, усни проверки, писмени задачи, тестови на знаења по завршени тематски целини. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно на законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***психологија и култура во сообраќајот*** треба да ги поседува следните педагошки, персонални и професионални карактеристики: да е психофизички здрав, да владее со литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е комуникативен и отворен за соработка, да е соодветно професионално образован, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа, да е добар организатор, да е креативен и способен за примена на иновации во образовната технологија.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***психологија и култура во сообраќајот*** ја реализираат кадри со завршени студии по:
**-психологија**;
и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Воспитно образовната работа по овој наставен предмет се реализира во училница опремена со графоскоп, ДВД рекордер и телевизор, цртежи, шеми и др.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2 .Состав на работната група:**

1. Ридван Зекири, советник, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. доц. д-р Елена Ачковска-Лешковска, Институт за психологија, Филозофски факултет - Скопје
3. Соња Ристовска, дипл. психолог, наставник, ДАСУ„Боро Петрушевски" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***психологија и култура во сообраќајот*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11 – 4721/12 od 20.06.2008 година.